РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-3026/1
11.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 8 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24) и член 3 ставови 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), а согласно Заклучокот, бр.02-2978/7 од 10.07.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 28-та седница одржана на 10.07.2024 г. донесе

**Одлука**
**за престанување на важење на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука престанува да важи Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/14 и 219/15).

**Член 2**

Упатството од член 1 на оваа Одлука, не произведува правни последици од денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**